Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Сектор за анализа на политиките
и координација

- SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -
Sektori për Analizë të Politikave
dhe Koordinim

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
# ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, декември 2021 година

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на _____ година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 15.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови во износ од 600.000,00 денари за програми (проекти) за следниве :

а) приоритети:
- обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните,
- справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот,
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија,
- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност,
- квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот,
- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти, и
- заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

б) активности:
- зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување внатрешна и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето,
- унапредување на концептот, практиките и капацитетите за општествена одговорност,
- унапредување на социјалната сигурност, животниот стандард на граѓаните кои се наоѓаат во социјален ризик, обезбедување на правата за заштита на децата и подобрување на децентрализацијата на социјалните услуги во локалната самоуправа,
- поттикнување и поддршка на активни политики за вработување, отворање на работни места за граѓаните кои потешко се вработуваат на пазарот на трудот,
- унапредување на правата на работниците и безбедноста на работните места, согласно со меѓународните стандарди,
- промовирање на вработувањето, социјалната вклученост и развојот на руралните средини, со поттикнување на младите и жените во руралните средини за развој на претприемачки вештини и сопствени агро самоодржливи бизниси,

- воспоставување на интегриран и функционален систем за подобро знаење и поддршка на иновациите во земјодеството, со фокус на истражувањето, трансферот на напредна технологија и дигитализација,
- промовирање и едукација за социјално претприемништво и социјални претпријатија и воспоставување на систем за финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништо од страна на граѓанските организации.

- обезбедување сеопфатна поддршка на граѓаните за надминување на последиците од корона кризата (директна помош на граѓаните погодени од последиците на пандемијата предизвикана од Коронавирусот во остварување на правата од економските и социјални мерки на Владата и здравствените права, преку обезбедување на социјални и правни услуги и поддршка за надминување на последиците од пандемијата предизвикана од Коронавирусот во различни сектори).

- унапредување на законодавството за родовата еднаквост, вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, буџетите и развој на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење,
- унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество, кое придонесува во демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

- јакнење на владеење на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите,
- создавање услови за независно, департизирано, ефикасно судство и правда достапна за сите,
- развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности,
- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции.

- образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот.

- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите,
- подобрување на локалните јавни услуги, зголемување на транспарентноста, отчетноста и инклузивноста на локално ниво.

- унапредување на политиките, правната рамка за животна средина и климатска акција, заштита на животната средина од загадување, заштита на природата и одржливо користење на природните ресурси, намалување на климатските промени, вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места,
- вклучување на маргинализираните групи на граѓани кон позитивни еколошки практики,
- следење и примена на европските политики за заштита на животната средина на локално ниво,

- стимулирање локални и регионални иницијативи за справување со климатски промени и ефектите од нив,
- вклучување на локалните чинители во процесот на заштита на биолошката разновидност,
- урбана мобилност и безбедност во сообраќајот, со акцент на една од најранливите категории – децата,
- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава.

3. Распределувањето на средствата од точка 1 од оваа програма, ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставaт извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари 2023 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2023 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. ___________
______ година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија,

Образложение

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр.287/21), во Разделот 040.01-Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации, предвидени се 15.000.000,00 денари, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации. Средствата ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата, а здруженијата и фондациите до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат доставуваат програми (проекти) за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), во глава VII Средства за работа на организациите, како извори на финансирање на организациите, меѓу останатите, ги предвидува и средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, при што, во член 49 став (3) се пропишува дека Владата на Република Северна Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.

Во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.277/19) се утврдуваат основните организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како и постапката и начинот за проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите. Воедно, во член 2 од Одлуката е утврдено дека распределбата на средствата од Буџетот се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Исто така, член 3 од Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на РМ“ бр.130/07) определува дека Владата и секој орган на државната управа изготвува Програма за финансирање на здруженија на граѓани и фондации, која ќе ги содржи описот на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање.

Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации е предуслов за објавување на оглас, кој согласно на Одлуката и Кодексот се објавува 30 дена од донесување на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во табелата е прикажана висината на вкупно доделени средства, висината на грантовите и бројот на здруженија и фондации корисници на средства, согласно одлуките за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, во периодот 2010-2021 година, изразено во илјади денари.

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доделени средства (во илјади ден.) | 17.187,5 | 15.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 0 | 0 | 11.690,8 | 29.519,5 | 19.800 |
| Висина на грант (во илјади ден.) | 312,5 | 312,5 | 300 | 300 | 300 | 300 | 300 | 0 | 0 | 600 | 600 - 900 | 600 |
| Број на организации корисници | 55 | 48 | 40 | 40 | 40 | 40 | 40 | 0 | 0 | 20 | 40 | 33 |

Со цел да се обезбеди транспарентен и инклузивен процес на консултации со граѓанските организации за утврдување на приоритетните области за финансиска поддршка, во периодот од 13 до 21.12.12.2021 година, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат преку веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk спроведе консултативен процес со граѓанските организации. Предлог-програмата е подготвена согласно препораките од консултативниот процес со граѓанските организации.

Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година е разгледана од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на 3. седница, одржана на 23.12.2021 година.

Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година е во функција на обезбедување транспарентна распределба на средствата утврдени во Разделот 040.01-Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во согласност со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата, утврдени со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр.97/21).

Со предложената програма се предвидува распределба на вкупно 15.000.000,00 денари на здруженија и фондации, во седум приоритетни области, а висината на поединечен грант се предлага да изнесува 600.000,00 денари.

Со донесувањето на оваа програма се очекува да се поттикне учеството на граѓанското општество во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, преку овозможување на финансиска поддршка за проекти со кои здруженијата и фондациите директно ќе учествуваат во реализацијата на приоритетните цели.